**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**

**Shoqëria aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike**
**RESURSET ENERGJETIKE TË NACIONALE Shkup në pronësi shtetërore**

Бул. „Св. Климент Охридски" бр. 58 б, Скопје
Поштенски фах 583
тел. 02 6090-137
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ембс 6664903

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 01-3035/1
28. 12. 2020 год.viti
Скопје-Shkup

# Годишна Програма за работа на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост за 2021 година

Скопје, декември 2020 година

Врз основа на член 17 од Статутот на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост, Одборот на директори на педесет и првата седница, одржана на 28.12.2020 година, по точка 1 од дневниот ред донесе:

**Годишна Програма за работа на**
**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**
**за 2021 година**

## ВОВЕД

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост (скратен назив НЕР АД Скопје), ги има следниве програмски цели за 2021 година:

1. Проект за реализација на гасификација на Република Северна Македонија – фаза 1;
2. Пуштање во употреба на магистрален гасовод во Република Северна Македонија – Делница Клечовце-(Кавадарци) Неготино и поврзување на првите приклучоци кон гасоводот;
3. Идни проекти за изградба национален гасоводен систем;
4. Интерконективни гасоводи со соседните држави;
5. Меѓународни проекти за гасификација и регионална соработка;
6. Активности за вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас и пренос на природен гас.

Наведените програмски цели се од особено значение за развојот на енергетскиот сектор во Република Северна Македонија. Во текот на 2021 година НЕР АД Скопје ќе посвети особено внимание за спроведување и реализирање на наведените програмски цели, а со тоа да се обезбеди проширување и развој на енергетски објекти, првенствено и основно изградба на национален гасоводен систем во Република Северна Македонија, кои се од особено значење за развојот на енергетскиот сектор во Република Северна Македонија.

## ПРОГРАМСКИ ЦЕЛИ

### Проект за реализација на проектот за гасификација на Република Северна Македонија - фаза 1

Во 2021 година НЕР АД Скопје продолжува со реализација на националната стратегија за гасификација на Република Северна Македонија со развој на инфраструктурата за овозможување на употреба на природниот гас како еден од основните енергенси. Во оваа насока планирано е продолжување на изградбата и следење на сите работи по фази во текот на градбата на магистралниот гасовод и тоа на следните Делници:

1. Клечовце- Неготино (Кавадарци)
2. Неготино (Кавадарци) - Битола и
3. Скопје – Тетово - Гостивар.

Реализацијата на градбата на дел од националниот гасоводен систем во текот на 2021 година со вкупна должина од 204 километри по делници е следна:

1) Делница Клечовце - (Кавадарци) Неготино со должина од 97 километри со мерно регулациони станици „Штип" и „Неготино". Изградбата започна во јули 2014 година, а заврши во јуни 2019 година. Се очекува за делницата да се изврши технички прием и да се стави во употреба во првиот квартал на 2021 година.

2) Делница Неготино (Кавадарци) – Битола во должина од 92 километри со мерно регулациони станици „Индустриска зона КАВАДАРЦИ", „Прилеп" и „Битола". Изградбата на Делницата започна во првиот квартал на 2017 година. Во 2021 година продолжува изградбата со пролонгирана динамика за завршување на делницата, поради ситуацијата со COVID-19 која оневозможи навремена реализација на проктот. Паралелно со изградбата за 2021-та година планирано е да се решат сите имотно правни работи на оваа делница.

Изградбата на Делницата 2 планирано е да заврши во текот на 2021 година и истата да се стави во употреба.

3) Делницата Скопје-Тетово-Гостивар е во должина од 74 километри и 10 км крак до Тетово, а во нејзин составен дел се и мерно регулациони станици „Тетово" и „Гостивар". Изградбата започна во четвртиот квартал на 2016 година. Во 2021 година продолжува изградбата со пролонгирана динамика за завршување на делницата поради измените во градба и пандемијата од COVID-19. Паралелно со изградбата за 2021-та година планирано е да се решат сите имотно правни работи на оваа делница.

Во насока на преземање на активностите за продолжување со изградба на делниците од Фаза 1 од магистралниот гасовод во Република Северна Македонија, како и самиот процес на изградба, НЕР АД Скопје ја планира динамиката на извршување на активностите прикажана во следната табела:

Табела 1 - Динамика за реализација на проектите за изградба на магистрални гасоводи

| **Опис на активности за реализација на проектите** | **Период** | **Забелешки** |
|---|---|---|
| Изградба на магистрален гасовод, делница 2 „Неготино (Кавадарци) - Битола" | Јануари - Декември | Повеќегодишна набавка |
| Изградба на магистрален гасовод, делница 5 „Скопје-Тетово-Гостивар" | Јануари - Декември | Повеќегодишна набавка |
| Надзор над изградба на гасоводен систем на Република Македонија Делници „Неготино (Кавадарци)–Битола" и „Скопје–Тетово–Гостивар" | Јануари - Декември | Повеќегодишна набавка |
| Испитување прв технички преглед пред ставање во употреба на Магистрален гасовод за Делница Неготино(Кавадарци)- Битола и Делница Скопје- Тетово -Гостивар | Јануари - Декември | Повеќегодишна набавка |
| Испитување прв технички преглед пред ставање во употреба за за електро работи и катодна заштита на Магистрален Гасовод за Делница 1 „Клечовце -Блок Станица 5", Делница 2 „Неготино(Кавадарци)- Битола" и Делница 5 „Скопје – Тетово- Гостивар" | Јануари - Декември | Повеќегодишна набавка |
| Технички прием и пуштање во употреба на делница „Клечовце-Неготино (Кавадарци) | Март-Април | Активности за добивање Одобрение за употреба |

| | | |
|---|---|---|
| Суперконтрола на изградба и надзор на делниците Неготино -Битола и Делница Скопје - Тетово - Гостивар | Јануар - Декември | Повеќегодишна набавка |
| Геодетски-катастарски услуги | Јануар - Декември | Согласно потребите на Друштвото |
| Набавка на природен гас за заполнување со природен гас на Делница 1 „Клечовце-Неготино (Кавадарци)“ | Април-Септември | / |
| Активности поврзани со изградбата | Јануари - Декември | - Проценка на вредноста на земјиште<br>- Експропријација<br>- Пренамена на земјиште<br>- Останати активности |

**Финансирање**

За реализација на наведените проекти се користат средства преку задолжување кај државата (on-lending) од кредитните линии од Дојче Банка и Ерсте Банка. Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавен долг и член 5 од Законот за задолжување на Република Македонија кај Дојче банка и Ерсте банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово - Гостивар“, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 193/2015) (во натамошниот текст "Закон за задолжување"), а во врска со Договорот за заем склучен помеѓу Министерство за финансии и Дојче банка АГ, филијала во Лондон и Ерсте банка АГ број 15-10888/1 од 10.12.2015 година, (Договор за заем), Министерство за финансии на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија (ЗАЕМОДАВАЧ), Министерство за транспорт и врски (КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТОТ) и Акционерско Друштво за вршење на енергетски дејности МАКЕДОНСКИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост (ЗАЕМОПРИМАЧ - ИНВЕСТИТОР) склучија Договор за подзаем.

За дополнителните инвестициони вложувања, како и за оперативното работење на НЕР АД Скопје ќе се користат сопствени средства од основната главнина наменети за финансирање на Друштвото.

**Пуштање во употреба на магистрален гасовод Делница 1 Клечовце – Неготино (Кавадарци)**

Делницата 1 Клечовце – Неготино (Кавадарци) е изградена во две фази. Изградбата на првата фаза на делницата од Клечовце-Блок станица 5 во должина од 61 км е завршена во 2016 година, додека втората фаза на делницата од Блок станица 5-Неготино (Кавадарци) со ГМРС Штип и ГМРС Неготино во должина од од 36 км е завршена во 2019 година. Во текот на првата половина на 2021 година треба да се стави во употреба и потоа да се направат подготовките за приклучување на првите потрошувачи во текот на 2021 година.

НЕР АД Скопје во текот на 2021 година ќе поднесе барање до Министерството за транспорт и врски за технички преглед и добивање на одобрение за употреба.

Планираната динамика на извршување на активностите за започнување со работа на оваа делница е прикажана во следната табела:

Табела 2. Динамика за пуштање во употреба на Магистрален гасовод Делница Клечовце – Неготино (Кавадарци)

| Опис на активности за реализација на мерката | Период на спроведување | Забелешки |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Заполнување со природен гас на Делница 1 „Клечовце-Неготино (Кавадарци)“ | Април-Септември | |
| Одобрение за ставање во употреба | II квартал | Министерство за транспорт и врски |
| Подготовките за приклучување на првите потрошувачи | Април - Декември | Во зависност од добивањето на Одобрение за ставање во употреба и Лиценцата за оператор на преносна мрежа |

**Финансирање**

За активностите за пуштање во употреба на Магистрален гасовод Делница Клечовце – Неготино (Кавадарци) и поврзување на првите приклучоци кон гасоводот ќе се користат сопствени средства од основната главнина наменети за финансирање на дополнителни инвестициони вложувања и трошоци за оперативно работење на НЕР АД Скопје.

**Идни проекти за изградба национален гасоводен систем**

Во текот на 2021 година е планирано да продолжи изградбата на националниот гасоводен систем со започнување на следните активности во однос на идните проекти:

| Опис на активности за реализација на проектите | Период | Забелешки |
|---|---|---|
| **Магистралниот гасовод Делницата 8 „Свети Николе-Велес“**<br><br>- Изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект<br>- Ревизија на проектна документација | Јануари – Мај | Реализацијата е во тек |
| **Магистрален гасовод, Делница „Гостивар-Кичево“** | IV квартал | Градбата ќе се реализира по спроведување на постапката за кредитирање од страна на ЕБОР (Повеќегодишна набавка) |
| **Магистрален гасовод Делницата 7 „Кичево-Охрид“ и Делницата 6 „Битола-Охрид“**<br><br>- Изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект | II квартал | Повеќегодишна набавка |
| **Магистралниот гасовод „крак Кавадарци“**<br><br>- Изработка на Инфраструктурен проект, Студија/Елаборат за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект<br>- Ревизија на проектна документација | II квартал | Активностите за предметниот проект можно е да продолжат и во наредната година |
| **Магистралниот гасовод „крак кон ТЕЦ Неготино“**<br><br>- Изработка на Инфраструктурен проект, | II квартал | Активностите за предметниот проект можно е да продолжат и во |

| | | |
|---|---|---|
| Студија/Елаборат за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект<br>- Ревизија на проектна документација | | наредната година |
| **Изработка на проектна документација за изградбата на делници за поврзување на Технолошко индустриска развојна зона во Штип и изградба** | Март - Декември | / |
| Унифицирање и проектирање на системот за управување и контрола (диспечерски систем со SKADA) | II квартал | Повеќегодишна набавка |
| Набавка на геодетски-катастарски услуги | Јануар - Декември | Согласно потребите на Друштвото |
| Активности поврзани со изградбата | Јануари - Декември | - Проценка на вредноста на земјиште<br>- Експропријација<br>- Пренамена на земјиште<br>- Останати активности |
| Одржување и управување со магистралните гасоводи | 2021-2022 | - Активности кои ќе се извршуваат со надворешни компании до екипирање на НЕР АД Скопје;<br>- По процена на вредноста, наведената активност ќе се додаде во ФП и ГИП на Друштвото за 2021 година |
| Изработка на Пре-Физибилити Студија за испитување на можноста за изградба на склад за природен гас во Македонија | 2021-2022 | Во тек е оцена на апликацијата за Техничка помош (RCI AB Стокхолм, Шведска) |

**Финансирање**

За реализација на Идните проекти ќе се користат сопствени средства од основната главнина наменети за финансирање на дополнителни инвестициони вложувања и трошоци за оперативно работење на НЕР АД Скопје, како и средства од заеми и грантови.

**Интерконективни гасоводи со соседните држави**

Во текот на 2021 година предвидено е да се работи на припреми за реализацијата на следните интерконективни гасоводи:

- Интерконекција Македонија – Грција
- Интерконекција Македонија – Косово
- Интерконекција Македонија – Србија
- Интерконекција Македонија – Албанија
- Интерконекција Македонија – Бугарија

Во таа насока, планирано е започнување на следните активности:

- **Интерконекција Македонија – Грција**

- Студија за оценка на влијанието врз животната средина е изработена и завршени се сите постапки во однос на истата. Очекуваме во јануари 2021 година да добиеме Решение од

страна на Министерство за Животна средина и Просторно планирање на Република Северна Македонија

- Основен проект е во завршна фаза. Во првиот квартал од 2021 година очекуваме да заврши ревизијата на истиот, по што ќе следи доставување на барање за добивање одобрение за изградба.
- Во однос на финансирањето на изградбата, очекуваме Европската Инвестициска Банка да донесе конечна одлука за финансирање на проектот во март 2021 година, по што ќе следи постапката за задолжување.

  Дел (20%) од изградбата на проектот ќе се финансира со средства за кофинансирање на инфраструктурни проекти одобрени преку ИПА инструментот Инвестициска рамка на Западен Балкан.

  Во текот на 2021 година ќе се подготви и тендерската документација за Изградба, Надзор над изградбата, Инспекциско тело и Менаџмент согласно правилата на ЕИБ. Планирано е изведувачите на градбата да бидат избрани до крајот на 2021 година

- **Интерконекција Македонија – Косово**

  - За реализација на проектот за поврзување на Македонија со Косово, НЕР АД Скопје поднесе проектна апликација по 21-от отворен повик за техничка помош на инфраструктурни проекти во рамките на ИПА инструментот Инвестициска рамка на Западен Балкан, февруари 2019 и ажурирање на истата мај 2019 година за изработка на Физибилити студија и Студија за оценка на влијанието врз животната средина.

    Техничката помош е одобрена. Студиите ќе се изработуваат во текот на 2021 година.

Во однос на останатите проекти за изградба на интерконективни водови се уште активностите се на ниво на техничките групи од страните.

- Формирање на работна група согласно потпишаниот Меморандум за соработка и отпочнување на активности за реализација на проектот интерконективен вод со Р.Бугарија.
- Активности за склучување Меморандум за разбирање за реализација на интерконективниот вод со Р. Србија. За овој проект НЕР АД Скопје ќе поднесе проектна апликација за техничка помош на инфраструктурни проекти во рамките на ИПА инструментот Инвестициска рамка на Западен Балкан во првиот квартал од 2021 година за изработка на Физибилити студија и Студија за оценка на влијанието врз животната средина.
- Формирана е работна група согласно потпишаниот Меморандум за соработка и во текот на 2021 активно ќе се отпочне со поконкретни активности за реализација на проектот интерконективен вод со Албанија.

Во зависнот од резултатите активностите, на студиите и можностите за финансирање и конкретни извори на финансирање за реализација на проектите за изградба на интерконективни водови, НЕР АД Скопје во соработка со Министерството за финансии дополнително ќе утврди конкретни ставки во однос на реализицијата на овие проекти и ќе пристапи кон измени и дополнувања на Годишна Програма за работа за 2021 година.

**Меѓународни проекти за гасификација и регионална соработка**

НЕР АД Скопје планира да продолжи со активности кои се однесуваат на учество во меѓународни и регионални проекти за гасификација а се од особена важност за афирмација на гасификацијата во Република Северна Македонија, како и за целиот регион и тоа во:

- Регионалната иницијатива на Централна и Југоисточна Европа за гасно поврзување (CESEC) која што има за цел унапредување на диверзификацијата на снабдувањето со природен гас и обезбедување на сигурноста во снабдувањето на регионот по пат на унапредување на регионалната инфраструктура и подобрување на интеграцијата на пазарите, преку заедничко ангажирање на сите земји членки на ЕУ и на Договорните страни на Енергетската заедница. Конкретните активности и постапувањето по однос на произлезените обврски ќе се остварат преку земање на активно учество во работните тела кои имаат за цел следење на спроведувањето на овој проект.

- Следење и преземање на соодветни активности во однос на следните регионални проекти: Транс јадрански гасовод (ТАП), Јонско јадранскиот гасовод (ИАП), Интерконектор Турција - Грција (ТГИ), Гасен прстен на Енергетската заедница, Проектите на Енергетската заедница, искористување на LNG терминали од околните земји и други. Зависно од прогресот во реализацијата на наведените проекти, ќе се преземат конкретни активности за поврзување со истите.

- Поднесување на проектни апликации до Секретаријатот на Енергетската Заедница и Европската Комисија со цел нивно вклучување во Листата на Проекти од заеднички интерес (PCI) и Проекти кои се од интерес на Енергетската Заедница (PECI).

- Спроведување на активности за членство во Европската мрежа на операторите на преносните системи за гас (ENTSOG) во својство на Оператор на систем.

- Воспоставување на соработка и организирање на средби со субјекти од гасниот сектор во соседните држави и регионот

**Активности за вршење на енергетска дејност на операторот на систем за пренос на природен гас**

НЕР АД Скопје планира активности во насока на започнување во вршење на енергетска дејност управување со системот за пренос на природен гас, како и активности поврзани со спроведување на надлежностите со добивање на Лиценца како и Сертификација согласно Правилникот за сертификација изготвен од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

По добивање на Лиценцата, НЕР АД Скопје ќе пристапи кон измени и дополнувања на плановите и програмите на Друштвото за потребите за спроведување на обврските предвидени со Законот за енергетика, Лиценцата, Сертификацијата и Правилата за пазар на природен гас.

Во 2021 година се очекува да се пушти во употреба гасоводен систем Делницата 1 Клечовце – Неготино (Кавадарци), па поради ова се предвидуваат активности за започнување на вршење на енергетска дејност пренос на природен гас.

Преземањето на конкретните активности, ке бидат во согласност новиот Закон за енергетика и насоките на Владата како единствен акционер на Друштвото.

**Финансирање**

Финансиски средства за работењето на НЕР АД Скопје како Оператор на системот за пренос на природен гас ќе се обезбедат преку наплатување на услугата за вршење на енергетска дејност утврдена со тарифа од Регулаторна Комисија за енергетика.

**Вложување во акции**

Во декември 2019 година Владата на Република Северна Македонија и НЕР АД Скопје склучија Договор за заем со наш бр. 05-5347/1 од 25.12.2019 година. Целта на склучувањето на

Договорот за заем е обезбедување средства за идна можна копопродажба на акциите во ГА – МА АД Скопје со што НЕР АД Скопје ќе го зголеми својот капитал и ќе се здобие со оперативен гасовод, по што ќе следи аплицирање за Лиценца за Оператор на систем за природен гас.

**Активности на организационите единици во НЕР АД Скопје и потреби за работа**

Годишната програма за работа на НЕР АД Скопје за 2021 година ќе се реализира преку работата на организационите единици во состав на Друштвото кои се должни да ги преземат потребните активности во рамките на своите надлежности утврдени согласно позитивните законски и подзаконски прописи и актите на НЕР АД Скопје.

**Кабинет на Извршен директор поврзани со работењето на НЕР АД Скопје**

Кабинетот на Извршниот директор на НЕР АД Скопје ќе учествува во реализацијата на оваа Програма преку следење и имплементирање на обврските кои се поврзани со тековното работење на НЕР АД Скопје во рамките на своите надлежности и преку поддршка на работата на Извршниот директор и координирање, усогласување и остварување на соработката помеѓу секторите и одделенијата во НЕР АД Скопје.

**Секторот за економско-финансиски работи**

Секторот за економско-финансиски работи ќе учествува во реализацијата на оваа Програма преку следење и имплементирање на договорите за градба во рамките на своите надлежности. Исто така посебно учество Секторот зема во реализација на проектите преку имплементирање на кредитни линии и учество во преговорите во однос на понудените опции на можните инвестициски банки.

Во активностите за вршењето на енергетските дејности, секторот ќе учествува во сите делови од постапката за имплементирање. Посебно учество ќе има во делот тарифирање на услугата, како и целокупните обврски за имплементирање на обврските во работењето на Друштвото.

**Секторот за правни и општи работи**

Секторот за правни и општи работи ќе учествува во реализацијата на оваа Програма преку следење и имплементирање на договорите за градба во рамките на своите надлежности како и во соработка со другите сектори ќе се координира и ќе ги спроведува постапките од правна област, постапките за експропријација, вонсудските и судски постапки, тендерските постапки и реализирање на Договорите за градба, како и правна анализа на документацијата поврзана со овие активности. Воедно, Секторот ќе дава правна поддршка во сите сегменти на градбата.

Во текот на 2021-та година Секторот за правни и општи работи во соработка со останатите организациони единици во НЕР АД Скопје ќе ја изготви целокупната правна норматива согласно Законот за енергетика, подзаконските акти и материјалните прописи од оваа област, заради имплементација на активностите поврзани со вршење на енергетски дејности.

**Секторот за изградба на гасоводен систем**

Секторот за изградба на гасоводен систем ќе учествува во реализацијата на оваа Програма преку следење и имплементирање на договорите за градба во рамките на своите надлежности и преку подготвителни активности за започнување со градба на магистрални гасоводи и интерконективни водови како и следење во сите фази на реализација.

**Секторот за Управување со системот за пренос на природен гас**

Конкретните потреби на Секторот за Управување со системот за пренос на природен гас ќе бидат дефинирани со измена и дополнување на Плановите и програмите на НЕР АД Скопје.

**Потреби за работа на организационите единици во НЕР АД Скопје**

Заради реализација на Годишната програма за работа на НЕР АД Скопје за 2021-та година и тековните обврски кои произлегуваат од работењето на Друштвото во однос на потребите на организационите единици, е планирано спроведување промотивни и маркетинг активности во однос на потребата од гасификација на Република Северна Македонија и придобивките од користењето на природниот гас.

За остварувањето на Годишната Програма за работа на НЕР АД Скопје за 2021-та година и зголемениот обем на работа НЕР АД Скопје има потреба од обезбедување на дополнителен број на извршители, односно зголемување на работните места во состав на организационите единици во НЕР АД Скопје и поголем деловен простор за што НЕР АД Скопје во соработка со Акционерот Влада на Република Северна Македонија ќе се обиде да најде решение.

**ЗАКЛУЧОК**

Програмата за работа на НЕР АД Скопје за 2021 година е заснована на препораките и укажувањата на Владата на Република Северна Македонија како единствен акционер на НЕР АД Скопје, а при неговата изработка запазени се законските и подзаконските регулативи во Република Северна Македонија.

Во текот на 2021-та година НЕР АД Скопје ќе посвети особено внимание за спроведување и реализирање на наведените програмски цели кои се од особено значење за развојот на енергетскиот сектор во Република Северна Македонија. Со тоа се обезбедува проширување и развој на енергетски објекти, првенствено и основно изградба на национален гасоводен систем во Република Северна Македонија, кои се од особено значење за развојот на енергетскиот сектор во Република Северна Македонија.

При изработката на Програмата за работа за 2021 година е пристапено со крајно внимание и во предвид се земени сите околности, со цел да бидат опфатени сите активности кои можат да се предвидат, а со тоа да се овозможи Друштвото во секој момент да биде подготвено за прифаќање и реализација на секој зголемен обем на работа што произлегува со изградбата на гасоводните делници, започнување со активности поврзани со дејноста управување на систем за пренос на природен гас или активности во врска со меѓународни проекти од глобално значење. Доколку се јави потреба, ќе се извршат измени и дополнувања на Програмата за работа на НЕР АД Скопје за 2021 година.

Изработиле:

Виолета Анѓелеска Спасова

Оливера Костанчева

Валентина Тасевска

НЕР АД Скопје
ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател,
Александра Маројевиќ